Бр. 09-534/3
01 -04- 2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на четвртата седница одржана на ден 07 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не настанува повреда на член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно не е настаната состојба на судир на интереси во предметот со број 09-534/1 од 18.02.2019 година.

Предметот со број 09-534/1 од 18.02.2019 година, да се затвори и да се архивира, по претходно доставено мислење на барателот.

Образложение

Предметот со број 09-534/1 од 18.02.2019 година е оформен врз основа на доставено барање за мислење од страна на член на совет на една општина, во врска со тоа, дали настанува состојба на судир на интереси во случај кога истиот е член на Совет во општина и раководител на подрачна единица на орган на државна управа.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека во конкретниот случај не постои состојба на судир на интереси, бидејќи лицето е распоредено како јавен службеник на работно место, односно тоа претставува редовно вработување, и не влегува во категоризацијата на избрано и именувано лице согласно член 8 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk